Глобална недела на пари 2014 година (GLOBAL MONEY WEEK)
во организација на Меѓународната организација за финансиска
едукација на деца и млади
(CHILD and YOUTH FINANCE INTERNATIONAL)

# И НИЕ СМЕ ДЕЛ ОД СВЕТСКАТА НЕДЕЛА НА ПАРИ




Драги деца, дали знаете дека заедно со списанието „Другарче“ сме дел од големиот светски проект за едукација на деца и млади?

Дали знаете дека секоја година се одбележува Глобалната недела на пари во сиот свет?

Навистина? А кога е таа недела? Што ќе се случува тогаш?

Оваа година се одржува од 10 до 17 март. Верувале или не, учество ќе земат околу 2 милиони деца од над 100 земји во светот. Сите тие ќе бидат дел од активностите кои ќе бидат организирани од над 500 институции и организации.

А како ние, децата од Македонија, ќе се вклучиме?

Активностите се веќе започнати, бидејќи Народната банка на Република Македонија реши да ги организира во период од еден месец. Досега, како дел од оваа програма, посетивме неколку скопски училишта: ООУ „Круме Кепески“, ООУ „11 Октомври“, ООУ „Кочо Рацин“ и ООУ „Страшо Пинџур“, а ќе одговориме на поканите на уште неколку училишта.







*Во посета на I-1 и I-3 одделение во ООУ „11 Октомври“, Скопје.*

Дали тимот на Народна банка на Република Македонија може да дојде и во нашето училиште?

И да ни објаснат како настанале парите, каде и како се прават, а и како можеме да штедиме?

Секако дека може! Вие само поканете ги, а тие ќе ве посетат и ќе одговорат на сите ваши прашања поврзани со парите, штедењето и сето она што се нарекува финансиска едукација.

Јас имам супер идеја: да цртаме на тема „Македонски монети и банкноти“.

Цртежите испратете ги на адресата на „Другарче“, а најуспешните пет ќе ги наградиме со по една сложувалка.

## НАЦРТАЈ И ОСВОЈ СЛОЖУВАЛКА!






Ги покануваме сите заинтересирани основни училишта да нè побараат на телефонскиот број 02/3108-400 доколку сакаат да ги посетат вработените од Народна банка на Република Македонија и да одржат интерактивен час од областа на финансиска едукација.

Адаптација на текстот *К. Трајчева*

Дизајн *Натали Николовска*